Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ЈУ Детски дом „11 Октомври"
IP Shtëpia e Fëmijëve „11 Tetori"
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: E pranuar: 13.02.2026
Орг. Един. Nj. org.: 03 | Број Numër: 93/1 | Прилог Shtojcë: 4 | Вредност Vlera: —

**МЕМОРАНДУМ НА СОРАБОТКА**

Склучен на ден 11.02.2026 година во Скопје помеѓу следните договорни страни:

**Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје**, со седиште на бул.8-ми Септември бр.13, ембс. 6125646 и едб. MK4030006599355, застапувано од управителот Данијел Апостолоски
и
**Детски дом 11 ОКТОМВРИ Скопје,** со седиште на ул. Васил Ѓоргов бр.25, ембс. 4090217 и едб. 4030983238204, застапувано од вршителот на должност директор Павлина Трајановска

I. ПРЕДМЕТ НА МЕМОРАНДУМ

Член 1

1.1.Предмет на овој Меморандум е уредување на меѓусебните односи помеѓу двете договорните страни по основ на дадени услуги во комплексот на Спортскиот Центар БОРИС ТРАЈКОВСКИ во Скопје без надомест.
1.2.Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје е сопственик на недвижен имот – Повеќенаменска сала која се наоѓа во комплексот на Спортскиот Центар БОРИС ТРАЈКОВСКИ во Скопје, заведена во:

- Имотен лист број 47329, КП 566/4, КО Карпош.

Член 2

Дадените услуги не создаваат директна корист за Детскиот дом 11 ОКТОМВРИ Скопје ниту обврска за враќање од Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје а се со цел подршка на јавниот интерес за поддржување и промовирање на спортот и спортските активности кои се одржуваат во комплексот на Спортскиот Центар БОРИС ТРАЈКОВСКИ во Скопје и оддржување, континуирано и успешно вклучување на лицата (децата) без родители – ученици/штитеници на Детскиот дом 11 ОКТОМВРИ Скопје во спортските активности.

II. ОБВРСКИ на Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје

Член 3

Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје се согласува и обврзува:

- да овозможи бесплатна посета на учениците/штитениците на Детскиот дом 11 ОКТОМВРИ Скопје во комплексот на Спортскиот Центар во однапред закажани/најавени термини, и тоа како следи :
  - користење на Лизгалиште,
  - користење на Куглана,
  - користење на Пинг Понг Центарот и
  - користење на Фитнес Центарот .

* Претставниците на Детскиот дом 11 ОКТОМВРИ Скопје термините ги најавуваат и потврдуваат со покажување на Изјава (заверена со печат и потпис) кај:
- Александар Василевски – раководител на служба за управување со аква парк, лизгалиште и фитнес,
и
- Методи Ципушев – раководител на служба за управување со куглана, пинг понг и Аеробик центарот.

II. ОБВРСКИ на Детски дом 11 ОКТОМВРИ Скопје

Член 4

Детски дом 11 ОКТОМВРИ Скопје се согласува и обврзува :
- на својата веб-страница да објави информација за склучениот Меморандум на соработка,
- претставниците ја превземаат и ја гарантираат здравствената состојба и безбедноста на своите ученици – лица (деца/штитеници) за време на оддржувањето на часовите во Спортскиот Центар,
- претставниците, содржините во комплексот на Спортскиот Центар БОРИС ТРАЈКОВСКИ во Скопје кои ги користат по основ и на начин утврдени во овој Меморандум, да ги чуваат со внимание на добар домаќин и да спречат настанување на било каква штета од страна на било кој свој штитеник/ученик за време на оддржување на часовите, да ги заштити и обезбеди материјалните добра, како и животите на учениците - лица (деца) непосредно пред оддржувањето, за времетраењето и непосредно по завршувањето на секој час,
- сите штети кои ќе настанат за времето на часовите додека се оддржуваат во комплексот на Спортскиот Центар БОРИС ТРАЈКОВСКИ во Скопје кој е предмет на овој Меморандум, а кои штети ќе бидат констатирани веднаш по завршувањето на истите, со записник составен од страна на претставник на Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје, во присуство на двајца полнолетни сведоци, најдоцна во рок од 3 (три) дена во целост да му ги надомести на Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје и
- е согласно врз основа на добиеното известување (усно или писмено) пред оддржување на секој спортски настан во комплексот на Спортскиот Центар БОРИС ТРАЈКОВСКИ да не ги користи закажаните термини.

IV.ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА Меморандумот

Член 5

**Овој меморандум на соработка се склучува за период од 1 (една) година сметано од денот на склучувањето на овој Меморандум, со можност на негово продолжување.**

V. РАСКИНУВАЊЕ на Меморандумот на соработка

Член 6

Овој меморандум на соработка ќе се смета за раскинат без отказен рок во следните случаи:

- спогодбено или
- во случај на неисполнување на обврските на двете договорни страни, согласно одредбите на овој меморандум и Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 18/01, 04/02, 05/03, 84/08, 81/09, 161/09 и 123/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 215/21 и 154/23).

V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 7

Договорните страни се согласни, при реализацијата на овој Меморандум, целата коресподенција да се смета за полноважна ако е извршена преку одговорните лица :

- за Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје :
  - Александар Василевски – раководител на служба за управување со аква парк, лизгалиште и фитнес (моб.тел. 075257921),
  - Методи Ципушев – раководител на служба за управување со куглана, пинг понг и Аеробик центарот (моб.тел. за закажување термини во куглана 078361632) и
  - Пријавница со моб.тел. за закажување термини во Пинг понг Центарот 076361185.
- за Детски дом 11 ОКТОМВРИ Скопје – Ѓорѓи Миновски (моб.тел.078 386624).

Член 8

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој меморандум на соработка како и заштитата на своите лични права, а особено правата на добар глас и углед, фирма и деловна тајна.

Член 9

Двете договорни страни се обврзуваат при реализација на овој договор да постапуваат единствено во согласност со Законот за заштита на лични податоци ("Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 294/21).

Член 10

Измени и дополни на овој Меморандум можат да се вршат со заедничка согласност на двете договорни страни по писмен пат само во согласност со одредбите на Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 18/01, 04/02, 05/03, 84/08, 81/09, 161/09 и 123/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 215/21 и 154/23).

Член 11

Ако помеѓу договорните страни дојде до било какво недоразбирање или спор во врска со толкувањето или примената на одредбите на овој Меморандум на соработка, сите евентуални спорови и недоразбирања ќе се решаваат пред Основен граѓански суд Скопје во Скопје.

Член 12

**Овој Меморандум е склучен во 5 (пет) еднообразни примероци, од кои 3 (три) за Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје и 2 (два) за Детски дом 11 ОКТОМВРИ Скопје.**

Составен дел на овој Меморандум е :

- Изјава со која претставниците на Детскиот дом 11 ОКТОМВРИ Скопје ја превземаат и ја гарантираат здравствената состојба и безбедноста на своите ученици - лица (деца/штитеници) за време на користењето на содржините во Спортскиот Центар БОРИС ТРАЈКОВСКИ

ДОГОВОРНИ СТРАНИ

| | |
|---|---|
| **БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје** | **Детски дом 11 ОКТОМВРИ Скопје** |
| **управител** | **вршител на должност директор** |
| **Данијел Апостолоски** | **Павлина Трајановска** |

изработил:
раководител на сектор за правни и општи работи:Роберта Теова
одобрил :
раководител на сектор за финансии и сметководство Дарко Здравески